РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
бр 10-1744/2
22-07. 2025 год
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Здружение за заштита на животни Амима Мунди, Скопје со број 10-1744/1 од 10.07.2025 година, **Градоначалникот на Општина Ресен** го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од барателот Здружение за заштита на животни Амима Мунди, Скопје заверено под број 10-1744/1 од 10.07.2025 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Здружение за заштита на животни Амима Мунди, преку елекртронската пошта на Општина Ресен поднесе барање информации од јавен карактер на ден 10.07.2025 година заверено под број 10-1744/1 со кое побара преку електронска пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација дали согласно некој акт или одлука донесена од страна на Општина Ресен се ограничува бројот на домашни миленици по жител на општината е дозволено да ги чува во својот дом; доколку постои таков акт или одлука да ни испратете копија од истата.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве информира дека бројот, начинот на чување, начинот на изведување на кучето надвор од дворно место и останатите услови во врска со чување на кучиња се утврдени со Одлука за комунален ред на подрачјето на Општина Ресен со бр.07-1468/13 од 29.05.2013г и објавен е во општинската веб страна во „Службен Гласник" бр.04/13, 6/14 и 10/19. На подрачјето на општината во кругот на едно домаќинство може да се чуваат до две (2) кучиња под услов истите да бидат регистрирани во надлежната ветеринарна институција и редовно вакцинирани.

Сопствениците на кучињата должни се своите кучиња да ги држаат во сопствените дворни места, кучето може да се изведе надвор од дворно место врзано со рамен и со корпа на устата. Сопственикот на кучето е должен сместувањето и чувањето на кучињата да го уреди на начин што нема да пречи на мирот и спокојноството на соседите.

Не е дозволено чување на кучиња кои заради нивната нарав постојано лаат и завиват, не е дозволено чување на кучиња во колективно станбени објекти и дворни места освен чување на истите со педигре за кои сопственикот прибавил писмена согласност од куќниот совет.

Исто така со член 46 од Одлука за комунален ред на подрачјето на Општина Ресен „Службен Гласник" бр.04/13, 6/14 и 10/19 уредено е чувањето на гулаби согласно следните одредби: на подрачјето на градот во градежниот опфат дозволено е чување на гулаби само во дворните места на индивидуалните станбени објекти, така да треба да биде изграден од

погоден материјал со бетонски под, поврзан со канализационен систем и истиот постојано да се одржуваа во хигиенска состојба. Чувањето и одгледувањето на гулабите не смее да го попречува нормалното живеење на соседите.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН ПРЕСПА РЕСЕН